Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
Су-04.бр.44/20
11.03.2020 год.
ШТИП

Претседателот на Основниот суд во Штип - Ѓорѓи Андонов, врз основа на чл.13 и 119 од од Судскиот деловник и чл.88 од Законот за судовите, на ден 11.03.2020 год. ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Во просториите на ОС Штип се дозволува влегување на неслужбени лица само со уредна покана, претходна најава и итна и оправдана потреба. На останатите лица нема да им биде дозволен влез и движење во просториите на ОС Штип.

Контролата и легитимирањето на лицата на влезовите на ОС Штип да ги вршат припадниците на судската полиција и истите да постапуваат согласно правилата на службата.

Хигиеничарите да вршат редовно и интензивно одржување на хигиената во просториите на ОС Штип, со употреба и на средства за дезинфекција.

Сите во просториите на ОС Штип да ја одржуваат хигиената со особено внимание.

Непочитувањето на оваа одлука ќе биде процесуирано и санкционирано согласно закон.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 10.03.2020 година Владата на РСМ ја разгледа информацијата на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи за преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на корона вирусот по сугестија на Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство, и донесе заклучоци заради превенција и спречување на ширење на корона вирусот КОВИД 19, меѓу кои и задолжение за сите владини и државни институции, како и јавните претпријатија да воведат мерки за заштита и за дезинфекција во сите државни институции на влезовите во институциите.

Имајќи ги предвид тие заклучоци, кои укажуваат дека треба да се преземат мерки за заштита од заразни болести, а заради заштита на здравјето и животите на вработените и сите во просториите на ОС Штип, заради неспорно големиот ризик од ширење на вирусното заболување предизвикано од корона вирусот КОВИД 19, се одлучи како во изреката.

Претседател на ОС Штип
Ѓорѓи Андонов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
ШТИП